| | Струмица | П5 -1/15 | 1/28/2015 | навреда и клевета | Лора Палазова | Саветка Димитрова | во меѓусебна расправија | 40000 | | | | Во прекин до решавање на кривичниот предмет К бр. 40/15 | | |
| 25. | | П5 -2/15 | 2/6/2015 | навреда и клевета | Тодор Николов | Петар Ташев | меѓусебна расправија | 60000 | | | | Тужбеното барање се одбива како неосновано - 23.06.2015 г. | | |
| | | П5 -3/15 | 2/18/2015 | навреда и клевета | Катерина Стевчова | Миле Петков | меѓусебна расправија | 30000 | | | | Судско порамнување. Досудени 10000 ден. | | |
| | | П5 -4/15 | 2/18/2015 | навреда и клевета | Драган Пандев | ННРМ | меѓусебна расправија | 60000 | | | | Одржана главна расправа на 07.07.2015 г. | | |
| | | П5 -5/15 | 5/14/2015 | навреда и клевета | Стевче Стојанов | Зорка Запрова | меѓусебна расправија | 60000 | | | | Тужбата е отфрлена како ненавремена според чл.20 ст.1 од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета | | |
| | | П5 -6/15 | 5/18/2015 | навреда и клевета | Весна Мишовска | Нусрета Зафировиќ | Објавена содржина на фејсбук профил на интернет | 100000 | | | | Закажана главна расправа за 09.09.2015 | | |
| | | П5 -7/15 | 5/19/2015 | клевета | Зоран Заев (политичар) | Сашо Милковски | Клевета искажана на прес конференција | 300000 | | | | Закажана главна расправа за 24.09.2015 | | |
| | | П5 -8/15 | 5/20/2015 | навреда и клевета | Верка Гичева | Петре Коцев | меѓусебна расправија | 30000 | | | | Закажана главна расправа за 18.09.2015 | | |
| | | П5 -9/15 | 6/18/2015 | навреда и клевета | Светлана Пандева | Златко Трнковски | меѓусебна расправија | 40000 | | | | Пратено барање за одговор на тужба | | |
| | Тетово | | | | | | | | | | | | | |
| 26. | **Штип** | П5-1/15 | 1/12/2015 | надомест на штета од навре | Евица Јуруковска Скопје–непозна | Ѓорги Денков Штип-доктор | мегусебна расправија | 600.000,00 мкд | реш.од 30.01.2015 год. се отфрла поради неплатена такса | Потврдена во целост со ГЖ-307/15 од 25.02.2015 | нема | архивиран правосилен на 24.02.2015 год. извршен на 23.03.2015 год. | | ######## |
| **27.** | | П5-2/15 | 5/23/2015 | утврдување одговорност од навреда и штета | Светлана Карова с.Нов Караорман | Евица Митрева с.Н.Караорман | меѓусебна расправија | 40000 мкд. | пресуда од 01.06.2015 год. делумно уважена за износ од 4000 ден. | нема | нема | има жалба од 01.07.2015 год. | | 7/2/2015 |
| | | П5-3/15 | 5/26/2015 | утврдување одговорност и | Зоран Заев Струмица политичар | Мики Наумов - Бизнисмен | преку медиуми, весници, елек | 1.000.000,оо мкд | постапката е во тек рочиште на 13.07.2015 година | | | | | |

**ОСНОВЕН СУД ТЕТОВО**
**СУ.БР.** 688/16
**29.11.2016**
**ТЕТОВО**

**ДО: Ангела Петровска**
**Ул.,, 11 Октомври,, бр.2/5-4, 1000 Скопје**

**Предмет – Извести**

Во врска со Вашето барање од **28.11.2016** год. по извршениот увид и проверка во кривичното оделение, може да се констатира дека за 2011 год за кривичното дело клевета имало вкупно 7 предмети од кои 2 предмети се запрени, 2 ослободителни,1 одбивателна, и 2 премдети биле осудителни.
Додека за кривичното дело навреда имало 2 предмети, двете биле со одбивателна пресуда.

За 2012 год за кривичното дело клевета вкупно имало 3 предмети, од кои 2 одбивателни 1 отфрлен.Додека за кривичното дело навреда имало 2 предмети.

За 2013 год за кривичното дело клевета вкупно имало 1 предмет и тој е запрен.За кривичното дело навреда немало нитy еден предмет во работа.

За временскиот период од 2014 до 2016 год по кривичното дело од член 172 и 173 од КЗ Клевета и Навреда немало ниту еден предмет (поради тоа што од 2013 година клевета и навреда спаѓа во граѓанска одговорност а не кривично дело).

За периодот од 2011 год за кривичното дело Клевета и Навреда имало 4 одбиени тужби, додека прифатени се 5 тужби.

За периодот од 2012 год за кривичното дело Клевета и Навреда имало 2 одбиени тужби, додека прифатени имало 3 тужби.

За 2013 год имало 1 предмет прифатен како тужба.

Со парична казна имало 2 осудителни пресуди и тоа К.бр 854/11 со сума во просек од 6.100 ден, и 106/11 со сума во просек од 15.300 ден.
Во 2011 год имало 2 ослободителни предмети и 2 се запрени.
Во 2012 год немало ослободителни и запрени.
Во 2013 год има 1 предмет запрен.

**Со почит**
**29.11.2016**

**Канцелариа за Односи со Јавноста**

ОСНОВЕН СУД-Кочани
СПИ.бр.16/16
28.11.2016 год.

ДО

Ангела Петровска

ПРЕДМЕТ: Известување

Во врска со ВаШето барање за пристап до информации од јавен карактер доставено по е-маил на ден 28.11.2016 година со кое барате информација од јавен карактер и тоа 1)Колку предмети биле водени, а колку реШени по кривичните дела од член 172 и 173 од КЗ, Клевета и Навреда за 2011, 2012, 2013, 2014, 2015 и 2016 година?

2) Колку тужби се одбиени како неосновани, а колку прифатени за периодот за 2011, 2012, 2013, 2014,2015 и 2016 година?

3)Во просек од која до која сума се движат паричните казни?

4)Колку од постапките се ослободителни и во колку од случаите била прекината постапката пред да се донесе пресуда за периодот 2011, 2012, 2013, 2014, 2015, 2016 година?,

Ве известуваме дека во Основниот суд Кочани, по кривичните дела од член 172 и 173 од КЗ, Клевета и Навреда за 2011, 2012, 2013, 2014, 2015 и 2016 година се примени и реШени и тоа: за кривично дело Клевета во 2011 година се примени 5 предмети, а реШени се 4 предмети, а во 2012 година за кривично дело Клевета се примени 3 предмети, а реШени 4 предмети, од кои три предмети постапката е запрена. За кривично дело Навреда во 2011 година се примени 15 предмети, и реШени се 15 предмети од кои две со парична казна а во 13 предмети постапката е запрена и во 2012 година за кривично дело Навреда се примени 15 предмети, реШени се 15 од кои 1 со парична казна а 14 предмети постапката е запрена.

Во однос на ВаШето барање колку тужби се одбиени како неосновани, а колку прифатени за периодот за 2011, 2012, 2013, 2014,2015 и 2016 година и во просек од која до која сума се движат паричните казни, Ве известуваме дека во Основен суд Кочани од АКМИС Системот не можат да се извлечат такви податоци, а сите пресуди од Основен суд Кочани јавно се објавени на веб страната на судот во кои може да се изврШи увид и да се добие бараната информација?

Основен суд Кочани 30.11.2016 година.

Службено лице за посредување со информации

Судски соработник,
Катерина Фудулски

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.12-1/16
29.11.2016 година
К р а т о в о

До
Ангела Петровска
ул.„11 октомври" бр.2/5-4,
С к о п ј е

ПРЕДМЕТ: Доставување информации на Ваше барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувана,

На ден 28.11.2016 година во Основен суд Кратово е примено Вашето барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со кое барате да Ви доставиме иформации во врска со судски постапки за кривични дела според членовите 172 и 173 од Кривичниот законик односно за Клевета и Навреда.

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, согласно чл.20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РМ" бр.13/2006, 86/2008, 6/2010 и 42/2014), во законски предвидениот рок се постапи по истото и по извршената проверка во кривичното одделение на судот Ви ги доставуваме следните податоци:

1) Според членовите 172 и 173 од Кривичниот законик во 2011 година биле водени 11 предмети, решени биле 11 предмети, во 2012 година водени биле 7 предмети, решени биле 7 предмети, а во периодот од 2013-2016 година нема такви предмети според овие членови од КЗ.
2) Како неосновани тужби во бараниот период нема одбиени, а прифатени како основани се во 2011 година 11 тужби, а во 2012 година 7 тужби.
3) Во просек паричните казни се движат од 13.000.00 ден. до 36.600,00 денари
4) Ослободителни постапки нема, а во 2011 година прекин имало во 6 постапки, во 2012 година во 3 постапки, а за останатиот период нема постапки.

Со почит,

Службено лице за посредување
со информации,
Диме Петрушевски

Основен суд Кратово,
Претседател,
Ружица Здравковска

ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО
Спи.бр.27/16
26.12.2016 година
Куманово

До Ангела Петровска
ул.11 Октомври бр.2/5-4
Скопје

angelaapetrovska@gmail.com

Во врска со Вашето барање испратено на нашата маил адреса Ви ги доставуваме следните податоци:

1. Во текот на 2011 година по чл.172 од КЗ имало во работа 25 кривични постапки од кои 13 се решени и тоа: во 6 предмети е запрена постапка, во 3 предмети е изречена парична казна, во 1 предмет е изречена опомена, во 2 предмети е изречена ослободителна пресуда и во 1 предмет е изречена уссловна осуда.

По 2 пресуди износ на паричните казни во кривичната постапка се во износ од 12.300 денари, а во едена пресуда е изречена парична казна во износ од 39.650 денари.

2. Во текот на 2012 годинапо чл.172 од КЗ имало во работа 24 кривични предмети од кои 21 се решени и тоа: во 14 предмети е запрена постапка, во 1 предмет е отфрилена кривичната пријава, во 3 предмети е донесена ослободителна пресуда, во 2 предмети е изречена условна осуда и во 1 предмет е изречена парична казна во износ од 12.300 денари.

3. Во текот на 2011 година по чл. 173 од КЗ во работа имало 35 предмети од кои 21 се решени и тоа: во 4 предмети е изречена условна осуда, во 8 предмети е изречена ослободителна пресуда, во 1 предмет е запрена постапка, во 1 предмет е отфрлена пријава, во 1 предмет е изречена опомена и во 6 предмети е изречена парична казна во износ од 12.300 денари до 24.600 денари.

4. Во текот на 2012 година по чл.173 од КЗ во работа имало 29 предмети од кои 22 се решени и тоа: во 11 предмети е запрена постапка, во 2 предмети е донесено решение за ненадлежност, во 2 предмети е изречена ослободителна пресуда, во 2 предмети е изречена условна осуда, во 2 предмети е изречена услова осуда и во 3 предмети е изречена парична казна во износ од 6.140 денари, 15.250 денари и 19.520 денари

5. Во период од 2013 до 2016 година во граѓанскиот оддел се заведени вкупно 45 предмети по чл.172 и 173 од КЗ од кои 39 предмети се решение од кои: 4 предмети се повлечени тужбените барања, во 7 предмети е одбиено тужбено барање, во 7 предмети е усвоено тужбено барање, во 20 предмети е делумно усвоено тужбено барање, во 1 предмет е донесено решение за ненадлежност, а вредност на тужба се движи во износ од 10.000 денари до 900.000 денари.

**Службено лице за посредување на информации од јавен карактер при Основен суд Куманово**
**Судски соработник**
**Данијела Реља**

**ОСНОВЕН СУД НЕГОТИНО**
**Су.бр.01-36/16**
**28.11.2016 година**

**ДО**

**Ангела Петровска**
ул.„11 Октомври“ бр.2/5-4 Скопје

**ПРЕДМЕТ :** Одговор на барање

Во врска со Вашето барање за слободен пристап до информации од јавен карактер , да Ви се достават информации за бројот на водени и решени кривични постапки за кривичните дела Клевета по член 172 од КЗ и Навреда по 173 од КЗ за периодот 2011,2012,2013,2014,2015 и 2016 година ; колку тужби биле одбиени како неосновани , а колку од нив биле усвоени ; во кој просек се движеле паричните казни и во колку случаи била донесена ослободителна пресуда или постапката била прекината во истиот период , Ви го доставуваме следниот одговор на Ваше понатамошно постапување :

Со Донесувањето на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета (Сл.в.бр.143 од 14.11.2012 година) се изврши декриминализација на кривичните дела Клевета по член 172 и Навреда по член 173 од Кривичниот законик на Република Македонија.

По стапувањето на сила на овој закон во постапката за утврдување на одговорноста за навреда и клевета и надоместување на штета се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи , Законот за парнична постапка и Законот за извршување.

## <u>2011 година</u>

**1.** Во уписникот „К“ се заведени **5 (пет)** предмети за сторено кривично дело Клевета по член 172 од КЗ и сите **5 (пет)** предмети се решени.

**2.** Сите поднесени тужби се усвоени.

**3.** Само во **1 (еден)** предмет , двајцата обвинети се огласени за виновни и се осудени на парична казна од по 24.000,00 денари.

**4.** Само во **1 (еден)** предмет обвинетиот е ослободен од обвинението , односно донесена е **1 (една)** ослободителна пресуда , во **3 (три)** предмети кривичната постапка е запрена.

**1.** Во уписникот „К“ се заведени **6 (шест)** предмети за сторено кривично дело Навреда по член 173 од КЗ и сите **6 (шест)** предмети се решени.

**2.** Сите поднесени тужби се усвоени.

**3.** Во **1 (еден)** предмет има двајца обвинети од кои првообвинетата е огласена за виновна и и е изречена условна осуда-парична казна во износ од 30.750,00 денари , додека обвинетиот е ослободен од обвинение.

**4.** Во **4 (четири)** предмети е запрена постапката , а во **1 (еден)** предмет обвинетиот е ослободен од обвинение .

## 2012 година

**1.** Во уписникот „К“ е заведен **1 (еден)** предмет за сторено кривично дело Клевета по член 172 од КЗ и истиот е решен.

**2.** Тужбата е усвоена.

**3.** Не е изречена парична казна.

**4.** Кривичната постапка е запрена.

**1.** Во уписникот „К“ се заведени **2 (два)** предмети за сторено кривично дело Навреда по член 173 од КЗ и **двата** предмети се решени.

**2.** Поднесените тужби се усвоени.

**3.** Во **двата** предмети не е изречена парична казна.

**4.** Во **двата** предмети е запрена постапката.

## 2013 година

**1.** Во уписникот „П4“ се заведени **6 (шест)** предмети за утврдување на одговорност за Навреда и сите **6 (шест)** предмети се решени.

**2.** Сите поднесени тужби се усвоени.

**3.** Во **4 (четири)** предмети тужените се задолжени да му ја надоместат штетата на оштетениот во износ кој се движи од 12.000,00 денари до 17.000,00 денари.

**4.** Во **2 (два)** предмети е запрена постапката.

Во 2013 година не е заведен **ниту еден** предмет за утврдување на одговорност за Клевета.

## 2014 година

**1.** Во уписникот „П4“ биле заведени **2 (два)** предмети за утврдување на одговорност за Навреда и **двата** предмети се решени.

**2.** Сите поднесени тужби се усвоени.

**3.** Во **двата** предмети тужените се задолжени да му ја надоместат штетата на оштетениот во износ од 15.000,00 денари.

**4.** Нема предмети во кои е запрена постапката.

**1.** Во уписникот „П4“ е заведен **1 (еден)** предмет за утврдување на одговорност за Клевета и истиот е решен.

**2.** Тужбата е усвоена.

**3.** Тужениот е задолжен да му ја надомести штетата на оштетениот во износ од 12.000,00 денари.

**4.** Нема предмет во кој е запрена постапката.

## 2015 година

**1.** Во уписникот „П5“ е заведен **1 (еден)** предмет за утврдување на одговорност за Навреда и истиот е решен.

**2.** Тужбата е усвоена.

**3.** Тужениот е задолжен да му ја надомести штетата на оштетениот во износ од 5.000,00 денари.

**4.** Нема предмет во кој е запрена постапката

**<u>2016 година</u>**

Во уписникот „П5“ се заведен **2 (два)** предмети за утврдување на одговорност за Навреда и **двата** не се решени.

**Лице задолжено за односи со јавноста ,**
Марија Лазова Ѓорчева

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП
Су03 бр.8/2016-10
01.12.2016 година

ДО
АНГЕЛА ПЕТРОВСКА
ул.„11 Октомври“ бр.2/5-4
Скопје

Предмет: Известување

Согласно Вашето барање, Ве известуваме по извршените проверки во кривичната и граѓанската писарница се утврди дека во Основниот суд Прилеп во периодот од 2011г. до 2012г. по кривичните дела од чл.172 и чл.173 од КЗ, вкупно примени се 38 предмети, од кои 38 се решени. Во 7 предмети изречена е парична казна, а во 7 кривични предмети донесена е условна пресуда. Просечно паричните казни изречени по чл.172 и чл.173 од КЗ изнесуваат 6.150,оо данри. Во 21 поднесена кривична тужба донесено е решение со кое се запира поведената постапка, а 2 поднесени тужби по кривичните дела клевета и навреда се одбиени како неосновани.

Во периодот од 2013г. до 2016г. по чл.6 и чл.8 од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета вкупно се заведени 19 тужбени барања.Завршени, се 17 предмети а останатите 2 предмети се насрочени.

Во 9 водени постапки е донесена пресуда со која делумно се усвојува тужбеното барање, а во 8 поведени постапки донесена е одлука со која се одбива тужбеното барање. Просечно паричната казна изречена по поднесено основано тужбено барање чл.6 и чл.8 од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета изнесува 100.000,оо денари.

Со почит,

ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД
Су Бр. 642/16
29-11-2016 год.
РАДОВИШ

До
Ангела Петровска

Почитувани,

Во врска Вашето барање од 28.11.2016 година за барање на информации од јавен карактер Ви ги доставуваме следните податоци:

Број на предмети за кривичните дела навреда и клевета по години:

2011 – 36
2012 – 17
2013 – 0
2014 – 4
2015 – 1
2016 – 2

Сите се решени освен 1 од 2016 каде постапката е во тек.

Сите постапки се прифатени но има случаеви каде подносителите се повлекуваат во текот на постапката.

Паричните казни се движат од 15.000 денари до 60.000 денари.

со почит,
Основен суд Радовиш

ОСНОВЕН СУД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА I РАДОВИШ

**Република Македонија**
**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ 2**
**03 – Су.бр. 1284/2016**
**28.11.2016 година**

**До**
**Ангела Петровска**
**ул.11 Октомври бр.2/5-4**
**1000, Скопје**
**е-пошта:angelaapetrovska@gmail.com**

**ПРЕДМЕТ:** Известување

**Врска:** Ваше Барање за пристап до информации од јавен карактер, примено и заведено во судот на ден 28.11.2016 година.

Основниот суд Скопје II Скопје во врска со Вашето барање под горенаведениот број и датум за пристап до информации од јавен карактер, Ве известува дека во Основниот суд Скопје 2 Скопје од декриминализирање на навредата и клеветата, односно од периодот од 2013 – 2016 година, евидентирани се 497 предмети со основ навреда и клевета. Пред 2013 година, односно во периодот 2011 и 2012 година навредата и клеветата беа кривични дела согласно член 172 и 173 од Кривичниот Законик, па поради тие причини за наведениот период потребно е да се обратите до Основниот суд Скопје 1 Скопје.

По однос на Вашето прашање колку тужби се одбиени како неосновани, а колку прифатени, односно колку од предметите имаат завршна одлука, Ве известуваме дека до 2015 година предметите со основ утврдување граѓанска одговорност за навреда и клевета се заведуваа во уписниците во Одделот за имотни спорови под надомест на штета заедно со другите предмети со други основи, односно за истите не се водеше посебен уписник, па со оглед на тоа оперативниот систем АКМИС што судот го користи за работа не може одвоено да ги изгенерира завршените предмети со овој основ и да даде точен податок. Поради тие причини, за предметите до 2015 година, Ве упатуваме на веб страната на Судот, а каде се објавени завршените одлуки со основ утврдување на граѓанска одговорност за навреда и клевета и надомест на штета. Инаку, согласно податоците на оперативниот систем АКМИС што судот го користи за работа завршени во 2015 година, односно одлука (пресуда, решение се смета за повлечено, решение се констатира повлекување и слично) била донесена во 81 предмети, а од 01.01.2016 година до 17.11.2016 година, завршени биле 43 предмети со основ утврдување граѓанска одговорност за навреда и клевета и надомест на штета.

По однос на изречениот надомест на штета во овие постапки, Ве известуваме дека надоместот на штетата на физичко или правно лице, како и

судската постапка за надомест на штета се засновани на начелото на законитост, правичност и пропорционалност во определувањето на правните последици на утврдената одговорност, па следствено на тоа висината на штетата е различна и се определува индивидуално, за секој предмет поединечно. Во постапката за утврдување на одговорноста за навреда и клевета и надомест на штета судот ги применува одредбите од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, Законот за облигациони односи, Законот за парнична постапка и Законот за извршување, како и Европската конвенција за заштита на човековите права и практиката на Европскиот суд за човекови права, а каде се предвидени критериумите и околностите кои влијаат врз утврдувањето на висината на штетата и истите се утврдуваат во конкретна постапка.

**Информациите се дадени во смисла на чл.3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на РМ бр.13/2006, бр.06/2010).**

**Претседател на судот**
Илир Сулејмани

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОСНОВЕН СУД СТРУГА**
**СПИ.бр.24/16**
**01.12.2016 година**
**С т р у г а**

**ДО:**

Ангела Петровска
ул. „11-Октомври“ бр.2/5-4,
1000, Скопје

**Предмет:** Известување по барање од јавен карактер

Врска: Ваше барање од 28.11.2016 година.

Во врска со барањето за пристап до информации од јавен карактер, по однос на заведени предмети во Основен суд Струга, во период од 2011-2016 година“, ви ги доставуваме следните информации:

-Во Основниот суд во Струга, во 2011 година вкупно се заведени 10 предмети за кривично дело од член 172 и 173 од КЗ, при што 3 предмети се со осудителна одлука во кои просек на изречените парични казни е износот од 17.000,00 денари, во 5 предмети постапката е запрена, 1 предмет кривичната тужба се отфрла, а во 1 предмет обвинетиот се ослободува од кривичната одговорност.

-Во Основниот суд во Струга, во 2012 година вкупно се заведени 8 предмети за кривично дело од член 172 и 173 од КЗ, при што 2 предмети се со осудителна одлука во кои просек на изречените парични казни е износот од 10.000,00 денари, во 4 предмети постапката е запрена, а во 2 предмети обвинетиот се ослободува од кривичната одговорност.

-Во Основниот суд во Струга, во 2013 година, согласно Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, вкупно се заведени 7 предмети, при што во 1 предмет е усвоено тужбеното барање и тужениот задолжен на парична казна во износ од 20.000,00 денари, во 1 предмет е постигната спогодба со која е задолжен тужениот на износ од 72.000,00 денари, додека во 5 предмети тужбеното барање е одбиено како неосновано.

-Во Основниот суд во Струга, во 2014 година, согласно Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, вкупно се заведени 6 предмети, при што во 1 предмет е усвоено тужбеното барање и тужениот задолжен на парична казна во износ од 60.000,00 денари, додека во 5 предмети тужбеното барање е одбиено како неосновано.

-Во Основниот суд во Струга, во 2015 година, согласно Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, вкупно се заведени 9 предмети, при што во 1 предмет тужбата е повлечена, 1 предмет е одстапен на надлежност на друг суд, а останатите 7 предмети постапката е во тек.

-Во Основниот суд во Струга, во 2016 година, согласно Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, вкупно се заведени 2 предмети, при што во 1 предмет тужбата е повлечена додека пак во 1 предмет постапката е во тек.

Информацијата ви ја доставуваме по електронски пат на ваш е маил: angelaapetrovska@gmail.com.

Судски администратор
Ристо Настоски

**ОСНОВЕН СУД ТЕТОВО**
**СУ.БР.** 688/16
**29.11.2016**
**ТЕТОВО**

**ДО: Ангела Петровска**
**Ул.,, 11 Октомври,, бр.2/5-4, 1000 Скопје**

**Предмет – Извести**

Во врска со Вашето барање од **28.11.2016** год. по извршениот увид и проверка во кривичното оделение, може да се констатира дека за 2011 год за кривичното дело клевета имало вкупно 7 предмети од кои 2 предмети се запрени, 2 ослободителни,1 одбивателна, и 2 премдети биле осудителни.
Додека за кривичното дело навреда имало 2 предмети, двете биле со одбивателна пресуда.

За 2012 год за кривичното дело клевета вкупно имало 3 предмети, од кои 2 одбивателни 1 отфрлен.Додека за кривичното дело навреда имало 2 предмети.

За 2013 год за кривичното дело клевета вкупно имало 1 предмет и тој е запрен.За кривичното дело навреда немало ниту еден предмет во работа.

За временскиот период од 2014 до 2016 год по кривичното дело од член 172 и 173 од КЗ Клевета и Навреда немало ниту еден предмет (поради тоа што од 2013 година клевета и навреда спаѓа во граѓанска одговорност а не кривично дело).

За периодот од 2011 год за кривичното дело Клевета и Навреда имало 4 одбиени тужби, додека прифатени се 5 тужби.

За периодот од 2012 год за кривичното дело Клевета и Навреда имало 2 одбиени тужби, додека прифатени имало 3 тужби.

За 2013 год имало 1 предмет прифатен како тужба.

Со парична казна имало 2 осудителни пресуди и тоа К.бр 854/11 со сума во просек од 6.100 ден, и 106/11 со сума во просек од 15.300 ден.
Во 2011 год имало 2 ослободителни предмети и 2 се запрени.
Во 2012 год немало ослободителни и запрени.
Во 2013 год има 1 предмет запрен.

**Со почит**
**29.11.2016**

**Канцелариа за Односи со Јавноста**

Република Македонија
ОСНОВЕН СУД
СУ.бр.839/16
02.12.2016 год.
ШТИП

ДО
Ангела Петровска
Ул.11-ти Октомври бр.2/5-4
СКОПЈЕ

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер кое се однесува на делата Клевета и Навреда за периодот од 2011 до 2016 година, во прилог на овој допис Ви ги доставуваме бараните податоци.

Судски администратор,
Лепа Донева

Во врска со барањето за слободен пристап на информации од јавен карактер од граганско одделение, водени и решени предмети;

1. во 2011 и 2012 година во граганско одделение нема водено вакви предмети,
   во 2013 год.вкупно водени 27 предмети и 27 решени,
   во 2014 год.вкупно водени 9 предмети и 9 решени,
   во 2015 год.вкупно водени 6, а решени 5 предмети,
   во 2016 год.вкупно водени 4, а решен 1 предмет.

2. одбиени, прифатени (начин на решавање)
   **во 2013 год.**
   одбиени се 8 предмети, делумно прифатени 8, повлечени 8, спогодбено 2 од кои 1 со извинување, 1 со прекин поради смрт.
   **во 2014 год.**
   одбиени 4 предмети, делумно прифатени 2, повлечени 3.
   **во 2015 год.**
   отфрлен 1 предмет, делумно прифатени 3, со извинување 1.
   **во 2016 год.**
   отфрлен 1 предмет.

3. Во просек износот за надомест на нематеријални штета изнесува од 6000,оо до 60.000,оо денари.

4. Прекината постапка поради смрт само 1 предмет од 2013 година.

ДО

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА
ОСНОВЕН СУД
ШТИП

Во врска со барањето за слободен пристап на информации од јавен карактер од кривично одделение, водени и решени предмети;

**1.**

Предмети водени пред Основен суд Штип за 2011 година и решени согласно чл.172 и чл.173 од КЗ се: 45 предмети , за 2012 година 19 предмети.

**2.**

Како неосновани тужби за 2011 година се одбиени 2 а прифатени 43 тужби.

Како неосновани тужби за 2012 година се одбиени 1 а прифатени 17 тужби .

**3.**

Паричните казни во просек се движат во 50 евра па до 350 евра.

**4.**

За 2011 година , ослободителни има 7 постапки а прекинати 21 постпка.

За 2012 година ослободителни нема а прекинати 12 постапки.

Овластен службеник